АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
AGJENCIA E ENERGJETIKËS E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1/3
03.01 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 20 став 1 и член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и член 11 став 11 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.62/05, 41/14 и 83/18), а постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.03-1/1 од 03.01.2023 година доставено од барателот на информација: Редакција на информативен портал Фактор преку новинар Александар Кузмановски на ден 03.01.2023 година, В.Д. Директорот на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

## За уважување на барање за пристап на информации од јавен карактер

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер бр.03-1/1 од 03.01.2023 година доставено од барателот на информација:Редакција на информативен портал Фактор преку новинар Александар Кузмановски се УВАЖУВА.

2. На Барателот на информација: Редакција на информативен портал Фактор преку новинар Александар Кузмановски, во прилог му се доставува табеларен преглед со имиња на сите новорегистрирани електроцентрали во 2022 заедно со нивната инсталирана моќност и план за годишно производство.

3.Бараната информација да се достави по е-маил.

## Образложение

На ден 03.01.2023 година во архивата на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија е заведено Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.03-1/1 од 03.01.2023 година доставено од Редакција на информативен портал Фактор преку новинар Александар Кузмановски

Барателот од имателот на информацијата во случајов Агенцијата за енергетика, ги бара следниве податоци :

-Имињата на сите новорегистрирани фотоволтаични електроцентрали во 2022 и евентуално ветерници и централи на биогас од оваа година, заедно со нивната инсталирана моќност и план за годишно производство.

Содржината на бараната информација е побарано да се достави по е-маил.

Врз основа на горенавденото, а во согласност со член 20 став 1 и член 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 11 став 11

од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија на ден 03.01.2023 година В.Д. Директорот на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на решението.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение незадоволната страна може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение.

В.Д. Директор,
Дарио Николовски

Скопје, 03.01.2023 година

Подготвил-овластено службено лице: м-р Наташа Стефаноска
Контролирал: Станиславка Николовска
Одобрил: Сања Чамевска

Доставено до:
-Подносител на барањето
-Архивата на Агенција за енергетика на РСМ